# ПРАВИЛНИК

**за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на плата, додатоци на плата и други надоместоци на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должност во командните структури на НАТО, дипломатско-конзуларни претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката**

Скопје, септември 2023 година

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19), и член 199 став (5) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 14/20, 171/22 и 65/23), министерката за одбрана донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на плата, додатоци на плата и други надоместоци на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должност во командните структури на НАТО, дипломатско-конзуларни претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката**

,Член 1

Во Правилникот за **утврдување на висината на плата, додатоци на плата и други надоместоци на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должност во командните структури на НАТО, дипломатско-конзуларни претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката бр. 01-3787/1 од 19.06.2019 година, бр.01-4920/1 од 22.07.202 година, бр. 01-1172/1 од 16.02.2022 година, бр. 01-1172/2 од 21.06. 2022 година, и бр. 01-578/1 од 03.02.2023 година** во член 7 во точката 2, на почетокот од табелата за вредноста на коефициентот за административните службеници упатени на меѓународна должност во странство се додава нова табела со алинеја, која гласи:

| | |
|---|---|
| - Административен службеник од категорија Б со стаж над 15 години, Шеф на одбранбен оддел | 4.30 |

:

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-3172/2
___27.09.2023 година

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Славјанка Петровска

Изработил: Ирена Топевска
Контролирал: Емилија Ралева
Согласен Милан Андоновски
Одобрил: Владимир Анчев

# О б р а з л о ж е н и е

Правен основ за донесување на предметниот правилник е членот 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19) и членот 199 став (5) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонијаво според кој

Со Правилникот за измена и дополна на Правилникот за утврдување на плата, додатоци на плата и други надоместоци на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должност во командните структури на НАТО, дипломатско-конзуларните претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни опрганизации во странство и на територијата на Републиката, бр. 01-1172/1 од 16.02.2022 година, направена е измена на членот 7 во вредноста на коефициентот за лицата упатени на меѓународна должност во странство, како за воените лица, така и за административните службеници, со табеларен приказ.

Но, при измените во делот за административните службеници изоставен е фактот дека Одбранбениот оддел во Постојаната Делегација на Република Северна Македонија при НАТО, покрај работните места советник за одбранбени прашања, буџетирање и логистика и стандардизација има и работно место, шеф на Одбранбениот оддел во Постојаната Делегација на Република Северна Македонија при НАТО. Шефот на одбранбениот оддел, меѓудругото има обврска да раководи и да ја координира работата на Одбранбениот оддел во согласност со насоките на одбранбената поклитика, планирање и финансирање на Министерството за одбрана. Имајќи ја предвид раководната улога на ова работно место потребно е да постои разлика во вредноста на коефициентите за административните службеници упатени на меѓународна должност во странство.

Од наведената причина предлагаме дополна на членот 7, точка 2 од Правилникот, со додавање на нова колона за шеф на Одбранбен оддел, вклучително и нова вредноста на коефициенти, согласно вредноста на коефициентите утврдени за раководните позиции во член 7, став 1.

Согласно наведеното, се предлага министерката за одбрана да го донесе Правилникот во предложениот текст.

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ

ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

Дополнувањето  на Правилникот е предложена од Секторот за политика и планирање.

Секторот за правни работи ја изработи доплната н ачелнот 7 во точката на Правилнкот, која се доставува на потпис од министерката за одбрана.

Целата на дополнуањето е да се опфати работното место, шеф на Одбранбениот оддел во Постојананата Делегација на Република Северна Македонија при НАТО, кое било изоставено со дадвање и на коефициент за за пресметување н аплата.

Во прилог на предметот е и измената на Правилнкот бр. 01-1172/1 од 16.02.2022 година со која е изменет членот 7

Изработил/Информира

Ирена Тошевска